

# ИЗДРШКА: ДАЛИ ИЗДРШКАТА ГИ ЗАДОВОЛУВА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦАТА?

**ИЗДАВАЧ:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

ул. Максим Горки 20/1-4, 1000 Скопје

Тел. 389 (0) 2 3298295, 3298 296

www. esem.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**

Јасминка Фришчиќ

**АВТОР:**

Јасминка Фришчиќ

**КОНСУЛТАНТ И УРЕДНИК:**

Деби Бадлендер

Скопје, ноември 2021 година

Оваа анализа е подготвена во рамки на програмата за работа на ЕСЕ за 2021 година и е целосно или делумно финансиран од Шведската Меѓународна Развојна Агенција (Sida) и Kvinna Till Kvina. Sida и Kvinna Till Kvina не се согласуваат нужно со изнесените ставови и мислења. Авторот на оваа публикација е целосно одговорен за содржината

# СОДРЖИНА


I. ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ …………………………………………………………...................…………… 4

II. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ……………………………………………………………….. 8

III. ИЗДРШКА………………………………………………………………………………………………….. 12

IV. УСЛОВИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ И ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦАТА ПРЕД И ПО РАЗВОДОТ/РАЗДЕЛБАТА…………………………………………………................................... 26

V. ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ПРИХОД И РЕДОВНИТЕ МЕСЕЧНИ ТРОШОЦИ НА СЕМЕЈСТВАТА/ДОМАЌИНСТВАТА НА ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРЕПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И НИВНИТЕ ДЕЦА…………....................................................................... 34

# I. ВОВЕД

Подготовката на оваа анализа е дел од активностите што ги презема ЕСЕ на полето на обезбедување на пристап до правда за жените што претрпеле семејно насилство преку собирање и анализирање на податоци што укажуваат на нивните реални потреби и, што е уште поважно, користење на овие податоци за менување на состојбите.

Оваа анализа ја подготвуваме втора година по ред. Врз основа на нашите сознанија и искуства од минатата година, со оваа анализа собравме повеќе и попродлабочени податоци во врска со прашањето за одредување на издршка од страна на судот за децата на жените што претрпеле семејно насилство и се разделиле од поранешниот партнер/сопруг. Податоците ги собравме преку интервјуирање на жените што се обратиле за правна помош и застапување во Центарот за правна помош на ЕСЕ во текот на 2021 година, а кои се разделиле/развеле од поранешниот партнер/сопруг. Собравме и анализиравме податоци што се однесуваат, пред сè, на основните податоци за родителите, а кои се од значење за одредување на издршката, податоци за тоа во кој износ и од кога се барала издршката и во кој износ и од кога таа е одредена од страна на судот. Ги анализиравме и барањата за менување на издршката, како и редовноста и целосната сума при нејзиното исплаќање. Покрај издршката, собравме и анализиравме податоци за условите на живеење на децата пред и по разводот/разделбата, како и нивните потреби пред и по разводот/разделбата, вклучувајќи ги податоците за тоа дали овие потреби биле задоволени пред и по разводот/разделбата. И на крајот, собравме и анализиравме и податоци за редовните месечни трошоци на семејствата/домаќинствата на жените што претрпеле семејно насилство и нивните деца.

Сите овие податоци ги анализиравме со цел да утврдиме дали издршката ја исполнува целта, односно дали таа ги задоволува физичките и менталните потреби на децата или нивната добросостојба. Прашањето за издршка на децата на жените што претрпеле семејно насилство го разгледуваме и поради посебната ранливост на оваа група жени, односно посебната состојба во која тие се наоѓаат и последиците со кои се соочуваат. Честопати соочувајќи се со последиците од насилството, жените дополнително се соочуваат и со прашањето на неплаќање на издршката и со тоа уште повеќе им се намалуваат можностите за брзо заздравување и исполнување на нивните родителски обврски.

Македонската судска практика укажува на повеќе фактори што се земаат предвид при одредување на издршката од страна на судот, а пред сè се заснова на возраста и потребите на децата согласно со нивната возраст. Покрај возраста и потребите на децата, при одредување на издршката се утврдуваат и можностите за придонесување на двајцата родители во издржувањето. За родителот што е задолжен со издржување се разгледува неговата имотна состојба, можностите за стекнување на приходи и дополнителни приходи, неговите потреби, соживување со друг партнер, деца што ги издржува, подготвеност за плаќање на издршката, неговиот интерес за придонесување за животот на децата и друго, односно при одредување на висината на издршката се води сметка таа да не ги загрози неговите животни потреби и егзистенција. На родителот на кој децата му се доверени за издржување се зема предвид работниот статус, бројот и возраста на децата од други заедница/брак и животните трошоци.

## КЛУЧНИ НАОДИ

Добросостојбата на децата,што е основна цел на издржувањето на децата, е комплексно прашање што треба да се разгледува и истражува од повеќе гледни точки. Добро осмислените и поставени политики за издржување на децата треба да овозможат зголемување на финансиските и сите останати ресурси што треба да им се стават на располагање на децата, да овозможат да се елиминираат тешкотиите што го оневозможуваат непреченото издржување, да овозможат можности за вработување на родителите што се задолжени со издршка, да ги поддржуваат родителите што се задолжени со плаќање на издршка активно да ги извршуваат родителските обврски, како и да овозможат извршување на родителските обврски заеднички од страна на двајцата родители.

Оваа анализа се заснова на изјавите, односно искуството на еден од родителите, односно мајките на кои децата им биле доверени на чување и воспитување и укажува на повеќе прашања што заслужуваат внимание во сегашното и идното планирање на политиките за издржување на децата.

Ова се клучните наоди на анализата:

**Дали потребите на децата се задоволени со одредената издршка?**

- Десет од седумнаесет жени, нивните деца и членовите на домаќинството со кои живеат по разделбата/разводот немаат доволно приходи, вклучувајќи ја и социјалната помош за да ги покријат вкупните месечните трошоци за живеење.
- Месечните трошоци на шест од жените и нивните деца екстремно ги надминуваат просечните приходи на домаќинствата во кои живеат, односно за надомест на месечните трошоци им се потребни дополнителни средства во износ од 6.000 МКД (100 евра) па сѐ до 19.250 МКД (310 евра).
- Највисок удел во редовните месечни трошоци имаат трошоците за храна и за отплата на кредит или за кирија, по што следуваат режиските и останатите трошоци.
- Петнаесет од седумнаесет жени сами ги покриваат месечните животни трошоци за нив и за нивните деца, бидејќи или воопшто не ја примаат одредената издршка од родителот што е задолжен за плаќање на издршката или ја примаат со задоцнување и во помал износ од одредениот од страна на судот.
- Разгледувајќи ги сите услови за живеење, односно објектот во кој живеат, неговата големина во смисла на број на соби, број на кревети на располагање, број на лица со кои живееле/живеат пред и по разделбата и разводот, може да се заклучи дека повеќето жени и нивните деца, односно десет од седумнаесет жени живеат во полоши услови по разводот/разделбата.
- Нема промена на условите за живеење на жените и децата кои и пред и по разделбата/разводот живееле во објект што е во нивна лична сопственост или е во сопственост на нејзините родители.
- Разделбата/разводот значително го зголемува бројот на жени и нивните деца што живеат под кирија, односно по разделбата/разводот осум од жените живеат под кирија, а пред тоа под кирија живееле само две жени и нивните деца.

- Пет од жените придонесувале во создавањето на заедничката сопственост во заедницата/бракот, но за жал по разделбата/разводот со децата се преселиле кај нејзините родители или живеат под кирија.
- Потребите на децата на девет од вкупно седумнаесет жени останале незадоволени по разводот/разделбата и тоа пред сè предничат едукативните, вклучително и курсевите (децата на осум жени), потоа облека (децата на 6 жени), рекреативни активности (децата на 5 жени) и храна (децата на 3 жени).
- Според востановената судска практика за одредување на висината на издршката од 1/3 до 1/2 од приходот на родителот кој е задолжен за плаќање и неговите можности и околности, произлегува дека судот можел да одреди и повисоки издршки.
- На мнозинството деца судот не им ја досудил издршката во износот кој бил побаран, односно судот одредил износ понизок од бараниот и тоа понизок за 16 % до 100 %.
- Судот вообичаено не го досудува плаќањето на издршката за периодот од кога е барана, при што во просек бараната издршка се намалува за 6 месеци или половина година по дете.
- Само една, од вкупно шеснаесет жени што барале издршка за нивните деца,е задоволна од одлуката на судот, а четири се делумно задоволни поради висината на издршката која според нив не е соодветна на големите потреби на децата, намалениот квалитет на живот, и не е соодветна со висината на приходите на таткото.
- Мнозинството или девет жени не се задоволни од одредената издршка поради две причини, и тоа поради незадоволување на потребите на децата и неодобрувањето од моментот од кога е барана издршката.
- Додатокот за трето дете што го примаат жените, а кој се зема предвид од страна на судот кога се одредува издршката, само на една од вкупно три жени што го примаат овој додаток може да ѝ помогне во задоволување на потребите на децата.
- Приближно 90 % од жените за чии деца е досудена издршка воопшто не ја примаат или ја примаат со задоцнување од кои две ја примаат со задоцнување и во помал износ од досудениот или петнаесет деца воопшто не добиваат издршка, додека единаесет ја добиваат со задоцнување (од вкупно 29 деца).

**Кои се можностите на родителите што се задолжени со издржување за плаќање на издршката и родителите на кои децата им се доверени на чување и воспитување да придонесат кон издржувањето?**

- Нема фактори што укажуваат на неможност за плаќање или доцнење во плаќањето на издршката од страна на родителот задолжен за плаќање.
- Родителите задолжени со плаќање на издршката имаат повисоки примања од жените, односно мајките на децата на кои им се доверени децата, освен една жена што прима приходи во истата категорија како и нејзиниот поранешен сопруг/партнер.
- Мнозинството од родителите што се задолжени со плаќање на издршка можат да остварат и дополнителни приходи, а само еден од нив има деца од претходен брак и обврска да ги издржува.
- Десет од вкупно седумнаесет жени на кои им се доверени децата на чување и воспитување опфатени со оваа анализа немаат лични приходи бидејќи се невработени.

Вредно е да се напомене дека наодите од овогодинешната анализа ги потврдуваат наодите од минатогодишната. Според мислењето на жените што претрпеле семејно насилство, висината на издршката треба да се одредува најнапред според однапред утврдени критериуми што одговараат на возраста на децата (девет жени) и според вкупните приходи на родителот што е задолжен за плаќање на издршката (осум жени). Дел од нив сметаат дека постапките за одредување на издршка од страна на судот треба да се итни (пет жени), задолжително одредување на плаќање на издршката од разделбата на родителите (четири жени), како и преземање на мерки за ефикасна и навремена наплатана издршката (три жени) и постоење на посебен државен фонд за надоместување на трошоците на децата, односно нивно издржување (една жена).

Имајќи предвид дека оваа анализа не ги истражува сите прашања што се релевантни за издржување на децата, ги повикуваме националните актери релевантни за ова прашање да преземат систематски и континуирани напори за собирање на податоци и анализирање на сите важни аспекти што треба да овозможат исполнување на основната цел на издршката – добросостојба на децата. При тоа препорачуваме пристап заснован на потребите и состојбите кој е прагматичен и овозможува непречено издржување и исполнување на родителските обврски заеднички за двајцата родители.

## II. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И НИВНИТЕ ПОРАНЕШНИ СОПРУЗИ/ПАРТНЕРИ

Во овој дел од анализата се содржани основни демографски податоци за родителите, односно жената што претрпела семејно насилство и нејзиниот поранешен сопруг/партнер, вклучувајќи и податоци што се релевантни за анализата. А тоа се пред сѐ прашањата за работниот статус пред и по разделбата или разводот, висината на нето-приходите, можноста за остварување на дополнителен приход на поранешниот партнер/сопруг, и примањата по основа на социјална помош и поседување на имот. Дел од овие прашања се релевантни при одредување на висината на издршката од страна на судот.

**Табела 1:**
Возраст на жената што претрпела семејно насилство и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг

| Возраст | Жената | Поранешниот партнер/сопруг |
|---|---|---|
| **До 20 години** | 0 | 0 |
| **21–30** | 2 | 0 |
| **31–40** | 9 | 11 |
| **41–50** | 5 | 6 |
| **51–60** | 1 | 0 |
| **Над 60** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **17** | **17** |

**Табела 2:**
Националност на жената што претрпела семејно насилство и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг

| Националност | Жената | Поранешниот партнер/сопруг |
|---|---|---|
| **Македонци** | 13 | 13 |
| **Албанци** | 1 | 1 |
| **Турци** | 0 | 0 |
| **Роми** | 2 | 1 |
| **Власи** | 0 | 0 |
| **Срби** | 1 | 1 |
| **Друго** | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **17** | **17** |

**Табела 3:**
Образование на жената што претрпела семејно насилство и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг

| Образование | Жената | Поранешниот партнер/сопруг |
|---|---|---|
| **Без образование** | 0 | 0 |
| **Незавршено основно образование** | 0 | 1 |
| **Основно образование** | 2 | 1 |
| **Незавршено средно образование** | 1 | 1 |
| **Средно образование** | 10 | 13 |
| **Додипломски студии (вишо/високо)** | 4 | 1 |
| **Постдипломски студии** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **17** | **17** |

**Табела 4:**
**Работен статус на жената што претрпела семејно насилство и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг**

| Работен статус | Пред разделбата/разводот | | По разделбата/разводот | |
|---|---|---|---|---|
| | Жената | Поранешниот партнер/сопруг | Жената | Поранешниот партнер/сопруг |
| **Вработени** | 11 | 15 | 7 | 13 |
| **Работодавачи** | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **Вработени за сопствена сметка** | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Неплатени семејни работници** | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Студенти** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Домаќинки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Невработени** | 5 | 1 | 10 | 0 |
| **Пензионери** | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Трајно неспособни за работа** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Друго** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Не знае** | | | | 1 |
| **Вкупно** | **17** | **17** | **17** | **17** |

Од податоците може да се забележи намалување на вработеноста кај двајцата родители по разделбата/разводот, но сепак треба да се спомене дека бројот на невработени жени што претрпеле семејно насилство двојно повеќе се зголемил по разделбата/разводот. Односно, кај жените имаме намалување на бројот на вработеност и зголемување на невработеноста, што укажува на незавидната финансиска положба на жената. Кај мажите,пак, имаме намалување на вработеноста, но нивната состојба не е влошена, бидејќи еден од нив само го

сменил работниот статус, односно тој се вработил за сопствена сметка, а едниот се стекнал со пензија.

**Табела 5:**
**Висина на лични нето-примања на жената што претрпела семејно насилство и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг**

| Лични нето-примања | Жената | Поранешниот партнер/сопруг |
|---|---|---|
| **До 3.000** | 0 | 0 |
| **Од 3.001 до 7.500** | 0 | 0 |
| **Од 7.501 до 15.000** | 2 | 0 |
| **Од 15.001 до 30.000** | 5 | 2 |
| **Од 30.001 до 45.000** | 0 | 5 |
| **Од 45.001 до 60.000** | 0 | 4 |
| **Повеќе од 60.001** | 0 | 3 |
| **Без лични приходи** | 10 | 0 |
| **Не знам** | 0 | 3 |
| **Вкупно** | **17** | **17** |

Соодветно на работниот статус, личните нето-примања на жената и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг потврдуваат дека мнозинството жени (n=10) од вкупно 17 жени опфатени со оваа анализа немаат лични приходи бидејќи се невработени. Од оние што остваруваат приходи, две се во категоријата од 7.501 до 15.000 МКД, а пет остваруваат од 15.001 до 30.000 МКД. За разлика од нив, нивните поранешни партнери/сопрузи имаат повисоки нето-примања. Најголемиот број од нив се во рангот од 15.001 до повеќе од 60.001 МКД.

На оваа состојба треба да го додадеме и податокот дека мнозинството од поранешните партнери/сопрузи според жените може да остварат приходи и по друга основа или 14 од вкупно 17. Тоа автоматски значи дека нето-примањата и можноста за остварување на дополнителни приходи претставува основа судот да досуди повисоки износи на издршка што ќе одговараат на потребите на децата.

Пред разделбата/разводот само едно семејство користело социјална помош во износ од 60.000 МКД, бидејќи оваа помош ја добивале од странска држава. По разделбата, односно разводот, поранешниот партнер/сопруг продолжил да ја прима социјалната помош во истиот износ како и пред тоа.

Дел од жените пак што претрпеле семејно насилство по разделбата/разводот или девет од нив (n=9) аплицирале за социјална помош, од што на шест им била одобрена. Останатите три биле одбиени. Тоа значи дека сите жени, освен една жена, што се невработени по разделбата/разводот аплицирале за социјална помош.

**Табела 6:**
**Личен имот на жената што претрпела семејно насилство и на нејзиниот поранешен партнер/сопруг**

| Личен имот | Жената | Поранешниот партнер/сопруг |
|---|---|---|
| **Да** | 6 | 9 |
| **Не** | 10 | 2 |
| **Не знае** | 0 | 6 |
| **Не сака да се изјасни** | 1 | 0 |
| **Вкупно** | **17** | **17** |

Подобрата финансиска состојба и материјална ситуираност на поранешните партнери/сопрузи се гледа и од податокот во однос на личниот имот. Очекувано значително повеќе жени немаат имот на лично име, односно пет пати повеќе од нивните поранешни партнери/сопрузи. Претпоставуваме дека разликата е уште поголема, бидејќи дел од жените или една третина не знаат дали нивниот поранешен партнер/сопруг има личен имот.

Само еден од поранешните партнери/сопрузи на жените што претрпеле семејно насилство има деца од претходната заедница/брак и тоа три деца. Во таа смисла само еден од вкупно 17 има обврска за нивно издржување и тоа се зема како податок при одредување на издршката за децата од заедницата/бракот со жената што била опфатена со оваа анализа. Имено, судот при одредување на издршката води сметка со нејзиното досудување да не ја загрози нужната егзистенција на давателот на издршката и членовите на неговото семејство. Овој број можеби е повисок, бидејќи за тројца од партнерите/сопрузите жените не знаат дали имаат деца за издржување од претходно.

# III. ИЗДРШКА

Оваа анализа разгледува повеќе прашања или аспекти што се значајни за одредување на издршката од страна на судот. Оттаму, во овој дел од анализата најпрвин се разгледуваат основните информации за бројот на деца на жените што претрпеле семејно насилство и што се развеле или разделиле од својот сопруг/партнер, децата за кои барале издршка, како и основата по која не барале за некои од децата. Исто така го разгледуваме и прашањето на додаток за трето дете, бидејќи судот го зема предвид кога ја одредува издршката на децата.

Покрај поединечното разгледување на одредени релевантни прашања што ги зема предвид судот, ги разгледувавме и кумулативно, при што правевме и споредба во однос на востановената судска практика при одредување на издршката врз основа на овие релевантни прашања.

**А) Деца за кои жените барале издршка**

Од вкупно 17 жени интервјуирани за потребите на оваа анализа (табела 7), 16 барале издршка за нивните деца (табела 8). Едната од нив и покрај тоа што имала едно дете од бракот што спогодбено е разведен, при разводот не му била досудена издршка на детето, па поради тоа подоцна ја изземавме од анализата во однос на останатите параметри штосе однесуваа на издршката.

Разликата меѓу вкупниот број на деца и тие за кои е барана издршка се должи на следното: две од децата се од претходен брак на жените, три се од заедница која е склучена по разделбата/разводот за кој ни дадоа податоци за оваа анализа, едно дете не е признато од таткото и четири се полнолетни и не се редовни студенти, поради што не е барана издршка за нив.

**Табела 7:**
**Број на деца на жените опфатени со анализата**

| Број на деца | Број на жени | Вкупно деца |
|---|---|---|
| **Едно дете** | 4 | 4 |
| **Две деца** | 6 | 12 |
| **Три деца** | 5 | 15 |
| **Четири деца** | 1 | 4 |
| **Пет деца** | 1 | 5 |
| **Шест деца** | 0 | 0 |
| **Повеќе од шест** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **17** | **40** |

**Табела 8:**
**Број на деца за кои жените барале издршка**

| Број на деца | Број на жени | Вкупно деца |
|---|---|---|
| Едно дете | 9 | 9 |
| Две деца | 1 | 2 |
| Три деца | 6 | 18 |
| Четири деца | 0 | 0 |
| Пет деца | 0 | 0 |
| Шест деца | 0 | 0 |
| Повеќе од шест | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **16** | **29** |

Седум од жените имаат три и повеќе деца, што значи дека би можело да примаат додаток за трето дете. Овој додаток се зема предвид при досудување на издршката, па оттаму анализиравме дали и колку жени добиваат средства по оваа основа. Три од жените добиваат ваков додаток и тоа една во износ од 8.300 и две по 7.000 МКД (одбележени со зелено во табела 9). Останатите четирине примаат (одбележени со црвено во табела 9).

**Табела 9:**
**Жени што примаат додаток за трето дете и износот што го примаат**

| Жена (1) | Број на деца (2) | Дали добива додаток (3) | Износ на додатокот во МКД (4) |
|---|---|---|---|
| ТК (1) | 1 | | |
| РК (2) | 2 | | |
| ЗНЧ (3) | 4 | Да | 8.300 |
| МВ (4) | 3 | Да | 7.000 |
| ФИ (5) | 3 | Да | 7.000 |
| СМ (6) | 2 | | |
| АИ (7) | 5 | Не | 0 |
| НН (8) | 3 | Не | 0 |
| СИ (9) | 1 | | |
| АЈ (10) | 1 | | |
| РМ (11) | 2 | | |
| ЉТ (12) | 3 | Не | 0 |
| СБ (13) | 2 | | |
| ДБ (14) | 2 | | |
| ЛКК (15) | 2 | | |
| СН (16) | 1 | | |
| ДК (17) | 3 | Не | 0 |

**Б) Висина на барана и досудена издршка**

Едно од прашањата што го разгледувавме е дали има некоја законометност при барањето на издршката за децата, во смисла на тоа дали висината на бараната издршка е иста за деца на иста возраст (табела 10),при што може да се заклучи дека нема некоја поврзаност. Напротив, разликата во бараните износи на издршка за деца од иста возраст, што претпоставуваме имаат исти потреби (освен доколку тоа не се должи на некоја посебна состојба во која се наоѓа детето), значително се разликува. Односно, таа разлика се движи од една третина до неколкукратна разлика.

**Табела 10:**
**Пол на децата, бараната и досудената издршка и разлика меѓу бараната и досудената издршка**

| Деца (1) | Возраст (2) | Пол (3) | Барана издршка (4) | Досудена издршка (5) |
|---|---|---|---|---|
| 19 | 1,7 | Машко | 4.000 | 4.000 |
| 3 | 3 | Машко | 4.000 | 3.000 |
| 1 | 5 | Женско | 9.000 | 8.000 |
| 12 | 5 | Женско | 1.500 | 1.000 |
| 6 | 6 | Женско | 3.000 | 3.000 |
| 16 | 7 | Женско | 6.000 | 5.000 |
| 26 | 7 | Женско | 5.000 | 5.000 |
| 9 | 8 | Женско | 2.000 | 1.000 |
| 2 | 9 | Машко | 5.000 | 3.000 |
| 5 | 9 | Женско | 4.000 | 3.000 |
| 11 | 10 | Женско | 1.500 | 1.000 |
| 20 | 10 | Женско | 3.000 | 2.000 |
| 23 | 10 | Женско | 2.000 | 1.500 |
| 28 | 10 | Машко | 3.500 | 2.000 |
| 29 | 10 | Машко | 3.500 | 2.000 |
| 13 | 11 | Женско | 6.000 | 4.000 |
| 15 | 11 | Женско | 7.000 | 5.000 |
| 17 | 11 | Машко | 5.000 | 3.000 |
| 18 | 11 | Машко | 6.000 | 4.500 |
| 4 | 12 | Женско | 6.000 | 4.000 |
| 22 | 12 | Женско | 2.000 | 1.500 |
| 10 | 13 | Машко | 2.000 | 1.000 |
| 24 | 13 | Машко | 8.000 | 4.000 |
| 21 | 14 | Женско | 2.000 | 1.500 |
| 25 | 14 | Женско | 8.000 | 6.000 |
| 27 | 14 | Женско | 3.500 | 2.000 |
| 14 | 15 | Женско | 8.000 | 5.000 |
| 8 | 16 | Женско | 2.000 | 1.000 |
| 7 | 19 | Машко | 2.000 | 0 |

Исто така, сакавме да утврдиме дали и колку се разликуваат бараниот и досудениот износ на издршка. Евидентно е дека судот за мнозинството деца не ја досудил издршката во износот

што бил побаран, освен за три деца. За сите останати, судот одредил понизок износ. Со други зборови, судот одредил износ понизок од бараниот и тоа понизок за 16 % до 100 %. Во просек намалувањето изнесува 32 % или една третина од бараниот износ (табела 11).

**Табела 11:**

**Возраст и пол на децата, бараната и досудената издршка  и разлика меѓу бараната и досудената издршка**

| Деца (1) | Возраст (2) | Пол (3) | Барана издршка (4) | Досудена издршка (5) | Разлика меѓу браната и досудената издршка (6) | Жена (7) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5 | Женско | 9.000 | 8.000 | –1.000 ( 25 %) | ТКД (1) |
| 2 | 9 | Машко | 5.000 | 3.000 | –2.000 (40 %) | РК (2) |
| 3 | 3 | Машко | 4.000 | 3.000 | –1.000 (25 %) | |
| 4 | 12 | Женско | 6.000 | 4.000 | –2.000 (33,3 %) | ЗНЧ (3) |
| 5 | 9 | Женско | 4.000 | 3.000 | –1.000 (25 %) | |
| 6 | 6 | Женско | 3.000 | 3.000 | 0 | |
| 7 | 19 | Машко | 2.000 | 0 | –2.000 (100 %) | МВ (4) |
| 8 | 16 | Женско | 2.000 | 1.000 | –1.000 (50 %) | |
| 9 | 8 | Женско | 2.000 | 1.000 | –1.000 (50 %) | |
| 10 | 13 | Машко | 2.000 | 1.000 | –1.000 (50 %) | ФИ (5) |
| 11 | 10 | Женско | 1.500 | 1.000 | –5.00 (30 %) | |
| 12 | 5 | Женско | 1.500 | 1.000 | –5.00 (30 %) | |
| 13 | 11 | Женско | 6.000 | 4.000 | –2.000 (30 %) | СМ (6) |
| 14 | 15 | Женско | 8.000 | 5.000 | 3.000 (37,5 %) | АИ (7) |
| 15 | 11 | Женско | 7.000 | 5.000 | –2.000 (28,5 %) | |
| 16 | 7 | Женско | 6.000 | 5.000 | –1.000 (16,7 %) | |
| 17 | 11 | Машко | 5.000 | 3.000 | –2.000 (40 %) | НН (8) |
| 18 | 11 | Машко | 6.000 | 4.500 | –1.500 ( 25 %) | СИ (9) |
| 19 | 1,7 | Машко | 4000 | 4.000 | 0 | AJ (10) |
| 20 | 10 | Женско | 3000 | 2.000 | –1.000 (30 %) | РМ (11) |
| 21 | 14 | Женско | 2.000 | 1.500 | –500 (25 %) | ЉТ (12) |
| 22 | 12 | Женско | 2.000 | 1.500 | –500 (25 %) | |
| 23 | 10 | Женско | 2.000 | 1.500 | –500 (25 %) | |
| 24 | 13 | Машко | 8.000 | 4.000 | –4.000 (50 %) | СБ (13) |
| 25 | 14 | Женско | 8.000 | 6.000 | –2.000 (25 %) | ДБ (14) |
| 26 | 7 | Женско | 5.000 | 5.000 | 0 | ЛКК (15) |
| 27 | 14 | Женско | 3.500 | 2.000 | –1.500 (42,85 %) | ДК (17) |
| 28 | 10 | Машко | 3.500 | 2.000 | –1.500 (42,85 %) | |
| 29 | 10 | Машко | 3.500 | 2.000 | –1.500 (42,85 %) | |

Имајќи предвид дека судот цени повеќе фактори при одредување на издршката што се индивидуални за секој одделен случај, односно дете, кумулативно разгледувавме повеќе од нив сакајќи да увидиме дали постоеле услови за одредување на повисок износ на издршка од досудениот.

Имено, според востановената судската практика, повеќе прашања се земаат предвид при одредување на висината на издршка. Односно,најпрвин тоа е возраста и потребите на детето, можностите на оној што ќе ја плаќа издршката, односно неговите приходи и можности за дополнителна заработка, како и дали издршката би ја загрозила неговата егзистенција и неговите животни потреби и евентуално потребите и животот на други деца што ги има.

Потребите на децата ги утврдивме врз основа на исказите на жените што претрпеле семејно насилство и доколку овој износ го споредиме со износот на досудена издршка (колони 8 и 10 од табела 12), може да се заклучи дека само во четири случаи, односно за децата на четири од жените износите што биле одредени од страна на судот се повисоки од потребите на децата. Во сите останати или за децата на 12 жени (n=16), одредените износи на издршка од судот се помали од потребите на децата.

Податоците укажуваат дека родителот што е задолжен за плаќање на издршката има повисоки примања од жените, односно мајките на децата што се старатели на децата за кои се бара издршка (колони 5 и 6). Само една жена прима приходи во истата категорија како и нејзиниот поранешен сопруг/партнер. Повеќето родители што се задолжени со плаќање на издршка можат да остварат и дополнителни приходи (колона 7). Само еден од нив има деца од претходен брак и евентуално таа обврска може да влијае врз висината на издршката (колона 4). Ова значи дека нема фактори што укажуваат на неможност за плаќање на издршката соодветно на потребите на децата.

Востановената судска практика исто така укажува дека во случај кога жената нема приходи или има пониски приходи од таткото, издршката може да изнесува до 1/3 од неговиот приход, а доколку имаат повеќе деца, тогаш таа може да се одреди на1/2. Доколку го примениме ова правило на случаите што ги анализиравме, произлегува дека судот можел да одреди повисоки издршки (колони 12 и 13 од табела 12). Мора да нагласиме дека пресметката ја направивме врз просекот на примања од категоријата на примања на родителот што е задолжен од страна на жените. Но, сепак, дури и доколку примањата на задолжениот родител се на ниската граница од категоријата на неговите примања, судот повторно можел да одреди повисоки износи.

Ако додатокот за трето дете го додадеме на издршката што е досудена, таа може да ѝ помогне само на една жена за задоволување на потребите на децата, но не и на останатите две што го примаат овој додаток (редови 3,4 и 5 од табела 12).

**Табела 12:**
**Фактори што влијаат врз одредување на издршката и очекуваната издршка според судската востановена практика**

| Жена (1) | Бр. на деца (2) | Бр. на деца за кои бара издршка (3) | Деца од претходни бракови што треба таткото да ги издржува (4) | Жена приход (5) | Маж приход (6) | Можност за дополнителни приходи (7) | Потреби на децата за кои се бара издршка пред (8) | Дали потребите биле задоволени пред (9) | Досудена издршка (10) | Просек од неговите примања (11) | Очекувана издршка во % (12) | Очекувана издршка во апсолутен износ од просекот на приходи (13) | Додаток за трето дете (14) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТК (1)** | 1 | 1 | Нема | 0 | 45.001–60.000 | Да | 4.500 | Да | 8.000 | 52.500 | 30 % | 15.750 | / |
| **РК (2)** | 2 | 2 | Нема | 0 | 30.001–45.000 | Да | 6.500 | Не | 6.000 | 37.500 | 50 % | 18.750 | / |
| **ЗНЧ (3)** | 4 | 3 | Нема | 15.001–30.000 | 30.001–45 000 | Да | 19.500 | Да | 10.000 | 37.500 | 50 % | 18.750 | 8.300 |
| **МВ (4)** | 3 | 3 | Нема | 0 | 30.001–45.000 | Да | 7.400 | Да | 2.000 | 37.500 | 50 % | 18.750 | 7.000 |
| **ФИ (5)** | 3 | 3 | Нема | 0 | Не знае | Да | 16.000 | Да | 3.000 | Не знае | Не знае | Не знае | 7.000 |
| **СМ (6)** | 2 | 1 | Не знае | 0 | 45.001–60.000 | Не знае | 2.000 | Не | 4.000 | 52.500 | 30 % | 15.750 | / |
| **АИ (7)** | 5 | 3 | Нема | 0 | Над 60.001 | Да | 18.500 | Не | 15.000 | 60.000 | 50 % | 30.000 | / |
| **НН (8)** | 3 | 1 | Не знае | 0 | Над 60.001 | Не знае | 4.000 | Да | 3.000 | 60.000 | 30 % | 20.000 | / |
| **СИ (9)** | 1 | 1 | Нема | 15.001–30.000 | 30.001–45.000 | Да | 5.500 | Не | 4.500 | 37.500 | 30 % | 11.250 | / |
| **АЈ (10)** | 1 | 1 | Нема | 15.001–30.000 | 15.001–30.000 | Да | 7.000 | Да | 4.000 | 22.500 | 30 % | 6.750 | / |
| **РМ (11)** | 2 | 1 | 3 деца | 0 | Не знае | Да | 0 | / | 2.000 | Не знае | Не знае | Не знае | / |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЉТ (12)** | 3 | 3 | Нема | 15.001–30.000 | Не знае | Да | 5.000 | Не | 4.500 | Не знае | Не знае | Не знае | / |
| **СБ (13)** | 2 | 1 | Нема | 0 | 45.001–60.000 | Да | 9.500 | Да | 4.000 | 52.500 | 30 % | 15.750 | / |
| **ДБ (14)** | 2 | 1 | Нема | 7.501–15.000 | Над 60.001 | Да | 3.500 | Да | 6.000 | 60.000 | 30 % | 20.000 | / |
| **ЛКК (15)** | 2 | 1 | Не знае | 0 | 30.001–45.000 | Не знае | 3.000 | Да | 5.000 | 37.500 | 30 % | 11.250 | / |
| **СН (16)*** | 1 | 1 | Нема | 7.501–15.000 | 15.001–30.000 | Да | 7.500 | Да | / | / | / | / | / |
| **ДК (17)** | 3 | 3 | Нема | 15.001–30.000 | 45.001–60.000 | Да | 7.000 | Да | 6.000 | 52.500 | 50 % | 26.250 | / |

* Со црвено е одбележана жената на чиешто дете при спогодбен развод не му била досудена издршка од судот и заради тоа во делот од анализата посветен на издршката не е земена предвид.

За подобро согледување на наодите што ги презентиравме погоре ги издвоивме оние параметри што укажуваат на разликата меѓу износите кои според востановената судска практика било очекувано да бидат одредени и досудената издршка (табела 13), дополнети со потребите на децата и ставот на жените дали тие потреби биле задоволени пред разводот/разделбата (колона 5 од табела 13). Пет од вкупно 16 жени или децата на овие жени изјавиле дека потребите на децата пред разводот и разделбата не биле задоволени.

**Табела 13:**
**Очекува издршка во апсолутен износ наспрема досудена издршка и потребите на децата**

| Очекувана издршка во апсолутен износ од просекот на категоријата на приходи на родителот задолжен за плаќање (1) | Досудена издршка (2) | Додаток за трето дете (3) | Потреби на децата за кои се бара издршка пред (4) | Дали потребите биле задоволени пред разводот/разделбата (5) |
|---:|---:|---:|---:|:---:|
| **15.750** | 8.000 | / | 4.500 | Да |
| **18.750** | 6.000 | / | 6.500 | Не |
| **18.750** | 10.000 | 8.300 | 19.500 | Да |
| **18.750** | 2.000 | 7.000 | 7.400 | Да |
| **Не знае** | 3.000 | 7.000 | 16.000 | Да |
| **15.750** | 4.000 | / | 2.000 | Не |
| **30.000** | 15.000 | / | 18.500 | Не |
| **20 000** | 3.000 | / | 4.000 | Да |
| **11.250** | 4.500 | / | 5.500 | Не |
| **6.750** | 4.000 | / | 7.000 | Да |
| **Не знае** | 2.000 | / | 0 | / |
| **Не знае** | 4.500 | / | 5.000 | Не |
| **15.750** | 4.000 | / | 9.500 | Да |
| **20.000** | 6.000 | / | 3.500 | Да |
| **11.250** | 5.000 | / | 3.000 | Да |
| /* | / | / | 7.500 | Да |
| **26.250** | 6.000 | / | 7.000 | Да |

* Со црвено се одбележени податоците на жената на чиешто дете при спогодбениот развод не му била досудена издршка од судот и заради тоа во делот од анализата посветен на издршката не се земени предвид.

### В) Од кога е барана и од кога е досудена издршката

Покрај разликата меѓу бараниот и досудениот износ на издршка, судот исто така не постапува според бараното и во однос на тоа за кој период била барана исплатата на издршката. Имено, од вкупно 16 жени што барале издршка за своите деца, мнозинството или девет жени барале издршка од денот на разделба со партнерот/сопругот, а останатите од денот на поднесување на тужбата. Иако најголем број од жените барале издршка од разделбата, сепак судот во најголем број случаи досудил плаќање на издршката од

донесување на пресудата. Само во еден случај одобрил плаќање од денот на разделба (табела 14).

**Табела 14:**
**Период за кој е барана и досудена издршката**

| | Број на жени/деца што барале | Број на жени/деца на кои им била досудена |
|---|---|---|
| **Од денот на разделба** | 9 | 1 |
| **Од денот на поднесување на тужба** | 7 | 6 |
| **Од денот на донесување на пресуда** | 0 | 9 |
| **Вкупно** | **16** | **16** |

За да го процениме периодот за кој судот не им ја досудил бараната издршка, направивме споредба на периодот од кога е барана и од кога е досудена издршката и утврдивме дека овој период варира од 4 месеци до приближно 2години (21 месец). Во просек, судот не ја одобрил бараната издршка во времетраење од 6 месеци или половина година по дете (табела 15).

**Табела 15: Период од кога е барана и кога е досудена издршката и разликата меѓу нив изразена во месеци**

| Деца (1) | Возраст (2) | Пол (3) | Издршка барана од (4) | Издршка досудена од (5) | Разлика во месеци од барана и досудена издршка (6) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5 | Женско | Септември, 2018 | Февруари, 2019 | 5 месеци |
| 2 | 9 | Машко | Март, 2020 | Ноември, 2020 | 8 месеци |
| 3 | 3 | Машко | Март, 2020 | Ноември, 2020 | 8 месеци |
| 4 | 12 | Женско | Ноември, 2020 | Април,2021 | 5 месеци |
| 5 | 9 | Женско | Ноември, 2020 | Април, 2021 | 5 месеци |
| 6 | 6 | Женско | Ноември, 2020 | Април, 2021 | 5 месеци |
| 7 | 19 | Машко | Ноември, 2020 | Март, 2021 | 4 месеци |
| 8 | 16 | Женско | Ноември, 2020 | Март, 2021 | 4 месеци |
| 9 | 8 | Женско | Ноември, 2020 | Март, 2021 | 4 месеци |
| 10 | 13 | Машко | Јануари, 2016 | Октомври, 2017 | 21 месец |
| 11 | 10 | Женско | Јануари, 2016 | Октомври, 2017 | 21 месец |
| 12 | 5 | Женско | Јануари, 2016 | Октомври, 2017 | 21 месец |
| 13 | 11 | Женско | Мај, 2017 | Мај, 2017 | 0 месеци |
| 14 | 15 | Женско | Декември, 2019 | Декември, 2019 | 0 месеци |
| 15 | 11 | Машко | Декември, 2019 | Декември, 2019 | 0 месеци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 7 | Женско | Декември, 2019 | Декември, 2019 | 0 месеци |
| 17 | 11 | Машко | Јануари, 2011 | Септември, 2011 | 8 месеци |
| 18 | 11 | Машко | Јануари, 2016 | Јануари, 2016 | 0 месеци |
| 19 | 1,7 | Машко | Јули, 2020 | Март,2021 | 8 месеци |
| 20 | 10 | Женско | Септември, 2019 | Септември, 2019 | 0 месеци |
| 21 | 14 | Женско | Март, 2019 | Декември, 2019 | 9 месеци |
| 22 | 12 | Женско | Март, 2019 | Декември, 2019 | 9 месеци |
| 23 | 10 | Женско | Март, 2019 | Декември, 2019 | 9 месеци |
| 24 | 13 | Машко | Септември, 2020 | Септември, 2020 | 0 месеци |
| 25 | 14 | Женско | Август, 2019 | Февруари, 2020 | 7 месеци |
| 26 | 7 | Женско | Јануари, 2015 | Јуни, 2015 | 5 месеци |
| 27 | 14 | Женско | Мај, 2015 | Септември, 2019 | 4 месеци |
| 28 | 10 | Машко | Мај, 2015 | Септември, 2019 | 4 месеци |
| 29 | 10 | Машко | Мај, 2015 | Септември, 2019 | 4 месеци |

**Г) Задоволство од досудената издршка**

Само една од вкупно 16 жени што барале издршка за нивните деца е задоволна од одлуката на судот. Четири се делумно задоволни и тоа делумно задоволство се должи на висината на досудената издршка. Имено,висината на издршката според нив не е соодветна на големите потреби на децата, намалениот квалитет на живот и најмногу не соодветствува со висината на приходите на таткото. Мнозинството или девет жени не се задоволни и две од жените не можат да одредат дали се задоволни или не. Во однос на жените што изјавиле дека се незадоволни, нивното незадоволство од досуденото се должи на две причини и тоа на незадоволување на потребите на децата и неодобрувањето од моментот кога е побарана издршката.

Вреди да се спомене дека нискиот износ на досудена издршка се заснова на спогодба меѓу родителите и тоа во осум случаи, вклучувајќи ги случаите во кои тужбеното барање во текот на постапката е трансформирано во спогодба. Но, сепак, во седум случаи (n=16) висината на издршката била одредена од страна на судот или во 40 % од случаите. И на двете жени што изјавиле дека навреме во точно одредениот износ им се исплаќа издршката, таа била одредена со тужбено барање кое во текот на постапката е трансформирано во спогодба.

**Д) Менување на првобитно досудена издршка**

Имајќи ја предвид ваквата состојба во однос на висината и периодот од кога е досудена издршката, очекувавме дека барањата за менување на издршката ќе бидат побројни.

Но, сепак, само три жени (n=16) барале менување на одлуката. Останатите 13 изјавиле дека тоа не го направиле поради незнаење за оваа можност (една жена), страв од насилникот (шест жени), немање на финансиски средства (две жени), немање на финансиски средства на поранешниот партнер/сопруг (една жена) и поради немање на докази за приходите на поранешниот партнер/сопруг (две жени).

Жените што барале менување на издршката (табела 16) барале нејзино зголемување од 50 % до 100 %. Едната од нив барала зголемување поради зголемен приход на таткото, едната поради зголемени трошоци за децата и неможност целосно да ги издржува самата и третата поради зголемени трошоци на децата и поради зголемени приходи на таткото.

**Табела 16:**
**Барања за менување на досудената издршка**

| Жени (1) | Деца за кои е барана издршка (2) | Претходно досудена издршка (3) | Износ на издршка баран со менувањето (4) | Зголемување во проценти (5) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Првороденo | 1.500 | 3.000 | 100 % |
| | Второродено | 1.500 | 3.000 | 100 % |
| | Трetородено | 1.500 | 3.000 | 100% |
| 2 | Првородено | 2.000 | 4.000 | 100 % |
| | Второродено | 2.000 | 3.000 | 50 % |
| | Третородено | 2.000 | 3.000 | 50 % |
| 3 | Првородено | 4.000 | 6.000 | 50 % |

### Ѓ) Дали издршката се плаќа редовно и целосно

Редовноста и целосното плаќање на издршката е уште еден фактор што го отежнува задоволувањето на потребите на децата на кои им е досудена издршка.

Во половина од случаите за кои е досудена издршка, таа не се плаќа воопшто (n=16), а со задоцнување им се исплаќа на шест жени (табела 17). Само две жени ја примаат издршката редовно и во точно определениот износ. Тоа практично значи дека приближно 90 % од жените за чии деца е досудена издршка воопшто не ја примаат или ја примаат со задоцнување и тоа две со задоцнување и во помал износ од досудениот. Односно, 15 деца воопшто не добиваат издршка, додека 11 ја добиваат со задоцнување (n=29).

**Табела 17:**
**Редовност и целосност во плаќање на издршката**

| Редовност и целосност | Жени | Засегнати деца |
|---|---|---|
| Да, навреме и во точно определениот износ | 2 | 3 |
| Не, со задоцнување и во помал износ | 2 | 6 |
| Не, со задоцнување и во точно определениот износ | 4 | 5 |
| Не плаќа воопшто | 8 | 15 |
| **Вкупно** | **16** | **29** |

Разгледувајќи ги податоците од неплаќањето и факторите што можат да влијаат, како што се работниот статус, односно приходите и обврската за издржување на деца/родители од

претходна заедница меѓу оние родители што воопшто не плаќаат, не најдовме некоја оправданост за неплаќањето. Напротив, освен еден родител за кој не се знае статусот на вработеност и приходи, а има 3 деца од претходна заедница/брак, сите останати што не плаќаат се вработени и имаат приходи од 30.001 до над 60.000 МКД, и при тоа немаат други деца за издржување. Ова значи дека нема причина да не ја плаќаат издршката и тоа особено затоа што висината на издршката пресметана од просекот на категоријата на нето-приходи која ја прима задолжениот родител за плаќање на издршка не надминува 30 % (табела 18). Само во два случаи висината на издршката е близу до 30 %, но во сите останати е далеку под 30 % (колона 6, табела 18).

**Табела 18:**

**Неплаќањето на издршката во однос на работниот статус, приходите и обврската за издржување на други деца**

| Жени (1) | Работен статус по разделбата/развод от (2) | Категорија на нето-приходи (3) | Просек на нето-приход базиран на категоријата (4) | Деца од други бракови (5) | Издршка вкупно за сите деца (6) | % на издршката од просекот на категоријата на нето-приходи (7) | Издржувани деца (8) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работодавач | 45.001–60 000 | 52.500 | Нема | 4.000 | 8 % | Едно дете |
| 2 | Не знае | Не знае | Не знае | Три деца | 2.000 | / | Едно дете |
| 3 | Вработен | Над 60.000 | 60.000 | Не знае | 3.000 | 5 % | Три деца |
| 4 | Вработен | Над 60.000 | 60.000 | Нема | 15.000 | 25% | Три деца |
| 5 | Пензионер | 45.001–60.000 | 52.500 | Не знае | 4.000 | 8 % | Едно дете |
| 6 | Вработен | Не знае | Не знае | Нема | 3.000 | / | Три деца |
| 7 | Вработен | 30.001–45.000 | 37.500 | Нема | 10.000 | 27 % | Три деца |
| 8 | Вработен | 45.001–60.000 | 52.500 | Нема | 8.000 | 15 % | Едно дете |

Од оние родители што е задолжени со плаќање на издршката и доцнат, во плаќањето доцнат од два месеци до една година (табела19). Односно, четири деца ја примаат издршката со задоцнување од 2 до 3 месеци, додека седум деца ја примаат со задоцнување од 6 месеци до една година.

**Табела 19:**
**Месеци на доцнење во плаќање на издршката**

| Доцнење | Родител задолжен со плаќање | Број на деца за кои се плаќа |
|---|---|---|
| **2 месеци** | 2 | 3 |
| **3 месеци** | 1 | 1 |
| **6 месеци** | 2 | 4 |
| **Една година** | 1 | 3 |
| **Вкупно** | **6** | **11** |

Разгледувајќи ги истите фактори како и во однос на неплаќањето во насока да утврдиме дали има некој фактор што влијае врз задоцнетото плаќање, утврдивме дека такви нема (табела 20). Сите се вработени/самовработени и имаат приходи од 15/000 до над 60/000 МКД. Генерално немаат обврска за издржување други деца и износот за издршката што треба да ја плаќаат навреме не надминува 30 % од просекот на категоријата на нето-приход во која примаат приходи. Само во еден случај издршката е блиску до 30 % од нето-приходот на родителот, а во другите случаи се движи од 10 % до 16 %.

**Табела 20:**
**Доцнење во плаќање со работен статус, приходи и деца од други заедници/бракови на таткото**

| Доцнење (1) | Работен статус (2) | Нето-приходи (3) | Просек на нето-приход базиран на категоријата (4) | Деца од други бракови (5) | Издршка вкупно за сите деца (6) | % на издршката од просекот на категоријата на нето-приходи (7) | Издржувани деца (8) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2 м.** | Вработен | 30.001–45 000 | 37.500 | Не знае | 5.000 | 13 % | Едно дете |
| **2 м.** | Вработен | 30.001–45.000 | 37.500 | Нема | 6.000 | 16 % | Две деца |
| **3 м.** | Вработен | Над 60.000 | 60.000 | Нема | 6.000 | 10 % | Едно дете |
| **6 м.** | Вработен | Не знае | Не знае | Нема | 4.500 | / | Три деца |
| **6 м.** | Вработен | 30.001–45.000 | 37.500 | Нема | 4.500 | 12 % | Едно дете |
| **1 год.** | Самовработен | 15.001–30.000 | 22.500 | Нема | 6.000 | 27 % | Три деца |

Од 14 жени што воопшто не добиваат и не ја добиваат издршката навреме, мнозинството или 10 преземале законски мерки за наплата на издршката. Шест поднеле кривична пријава за неплаќање, седум поднеле барање до извршител и една поднела предлог до ЦСР за привремена забрана на правото на средби и контакти на таткото со децата сѐ до исплата на издршката. Четири од жените преземале две мерки за присилна наплата, од кои три поднеле и кривична пријава и поднеле барање до извршител, а само една поднела барање до извршител и поднеле барање до ЦСР за привремена забрана на правото на средба и контакти меѓу таткото и децата.

Од 10 жени што презеле мерка за присилна наплата, само кај четири оваа мерка вродила со плод, односно во три случаи им биле исплатени и достасаните и тековните издршки, додека во еден случај биле исплатени само достасаните издршки. За пет од жените постапката за присилна наплата е сѐ уште во тек. Само една не успеала да ја наплати издршката и покрај тоа што преземала мерки.

Од четирите жени што не преземале никакви мерки за присилна наплата, две не го сториле тоа поради страв од насилникот, една поради тоа што не била запознаена со ваквата можност и една затоа што сметала дека нема цел, бидејќи нејзиниот поранешен сопруг нема финансиски средства од кои може да се наплати издршката.

**Е) Кога е добиена првата издршка**

Во однос на тоа кога е добиена првата издршка од страна на родителот задолжен за плаќање, карактеристично е тоа дека задоцнувањето се движи од два месеци до една година од моментот кога плаќањето е досудено. Практично, 14 деца со задоцнување ја добиле првата издршка, а 15 воопшто не ја добиле.

**Табела 21:**
**Доцнење во примање на првата издршка изразена во месеци и број на деца засегнати со доцнењето**

| | **Жени** | **Број на деца** |
|---|---|---|
| 2 месеци од разделбата/пресудата | 3 | 5 |
| 3 месеци од разделбата/пресудата | 1 | 1 |
| 6 месеци од разделбата/пресудата | 1 | 1 |
| По една година од разделбата/пресудата | 3 | 7 |
| Воопшто не плаќаат | 8 | 15 |
| **Вкупно** | **16** | **29** |

# IV. УСЛОВИ ЗА ЖИВЕЊЕ И ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦАТА ПРЕД И ПО РАЗВОДОТ/РАЗДЕЛБАТА

Како разводот/разделбата го променил/а животот и потребите на децата, односно дали во однос на задоволување на потребите издршката одговорила на нив, ги анализиравме преку податоците за условите за живеење на жените и нивните деца пред и по разводот/разделбата и преку податоците за нивните потреби пред и по, од повеќе аспекти, односно потребите поврзани со едукација, рекреација, здравствена заштита и останати потреби.

**А) Услови за живеење**

Разгледувајќи ги сите услови за живеење, односно објектот за живеење, неговата големина во смисла на број на соби, број на кревети на располагање, број на лица со кои живееле/живеат пред и по разделбата и разводот, може да се заклучи дека кај повеќето жени, односно кај 10 од нив (n=17) се забележуваат полоши услови на живеење.

Кај шест жени нема промена и само кај една оценивме дека има подобрување. Кај жените кај кои ја оценивме состојбата за полоша, тоа вообичаено се должи на менување на објектот за живеење од куќа во стан и особено на повеќекатна куќа во стан или еднокатна куќа (табела 22). Сопственоста пред и по разделбата/разводот не ја зедовме предвид како услов за оценување на условите за живеење.

Нема промена на условите за живеење кај жените што и пред и по разделбата/разводот живееле во објект кој е во нивна лична сопственост или во сопственост на нејзините родители. Но, има и случаи во кои има промени во некој од параметрите, кои се полоши за сметка на некои кои се подобри и заради тоа нивната состојба пред и по разводот/разделбата ја оценивме како непроменета.

Кај жената кај која има подобрување, ваквиот заклучок го засноваме на живеење во куќа по разделбата/разводот (претходно во стан), со поголем број на соби и кревети, иако оваа жена и нејзините деца и пред разделбата/разводот живееле под кирија.

Вредно е да се спомене дека пред разделбата/разводот многу малку жени живееле под кирија или само две, додека по разделбата/разводот осум од жените и нивните деца живеат под кирија. Шест од жените по разводот/разделбата со своите деца живеат во заедница со нејзините родители. Една од овие жени и претходно живеела во објект во сопственост на нејзините родители, но три живееле во објект во сопственост на родителите на поранешниот партнер/сопруг, а две во сопственост која заеднички била стекната во брак.

Пет од жените придонесувале во создавањето на заедничката сопственост во заедницата/бракот, но за жал по разделбата/разводот или се преселиле кај нејзините родители или живеат под кирија.

**Б) Потреби на децата**

Потребите на децата изразени по семејство пред и по разводот/разделбата се изменети за сите, освен за децата на една жена (табела 23). Потребите на децата на девет жени се

зголемиле во апсолутен износ по разводот/разделбата, додека за седум од жените се намалиле во апсолутен износ. Деталниот преглед на износите на потребите на децата по вид можат да се разгледаат во табелата подолу. Она што е побитно е дали има промени во задоволување на потребите. Потребите на децата на две од жените биле задоволени и пред и по разводот/разделбата. На три од жените, потребите на децата не биле задоволени ни пред ни по разводот/разделбата. Само на три од жените, пак, потребите на децата што не биле задоволени пред разводот/разделбата, потоа биле задоволени. Потребите на децата на девет жени од вкупно 17 што биле задоволени пред разводот/разделбата, по него/неа не се задоволени. Според видот од незадоволените потреби по разводот/разделбата предничат едукативните, вклучително и курсевите (децата на осум жени), облека (децата на 6 жени), рекреативни активности (децата на 5 жени) и храна (децата на 3 жени).

**Табела 22:**

**Услови за живеење пред и по разделбата/разводот**

| Жена (1) | Каде живеел е пред разделб ата/разв одот (2) | Каде живеат по разделбата/ разводот (3) | Катов и пред (4) | Катови по (5) | Соби пред (6) | Соби по (7) | Кревети пред (8) | Креве ти по (9) | Вкупен број на лица со кои живееле (10) | Вкупен број на лица со кои живеат (11) | Сопственост пред (12) | Сопственос т по (13) | Промени (14) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќа | Куќа | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | Лична | Лична | Нема |
| 2 | Куќа | Стан | 2 | / | 3 | 1 | 3 | 2 | 4 | 3 | Родители на партнерот/сопру гот | Кирија | Полоша |
| 3 | Куќа | Куќа | 2 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 8 | 7 | Сопственост на нејзините родители | Сопственос т на нејзините родители | Нема |
| 4 | Куќа | Куќа | 2 | 1 | 4 | 3 | 5 | 3 | 5 | 5 | Сопственост на родителите на партнерот/сопру гот | Заедничка сопственост со нејзините родители | Полоша |
| 5 | Куќа | Куќа | 3 | 1 | 6 | 3 | 7 | 5 | 6 | 8 | Стекната во брак | Сопственос т на нејзините родители | Полоша |
| 6 | Стан | Стан | / | / | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | Лична | Лична | Нема |
| 7 | Куќа | Стан | 3 | / | 7 | 3 | 4 | 1 | 9 | 4 | Стекната во брак | Кирија | Полоша |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Стан | Куќа | / | 1 | 1 | 3 | 2 | 4 | 3 | 4 | Кирија | Кирија | Подобра |
| 9 | Куќа | Стан | 2 | / | 2 | 2 | 3 | 2 | 5 | 2 | Сопственост на родителите на партнерот/сопругот | Кирија | Полоша |
| 10 | Куќа | Куќа | 2 | 2 | 4 | 4 | 5 | 5 | 3 | 2 | Сопственост на родителите на партнерот/сопругот | Кирија | Нема |
| 11 | Куќа | Стан | 1 | / | 2 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | Кирија | Кирија | Нема |
| 12 | Куќа | Куќа | 2 | 1 | 4 | / | 4 | 4 | 7 | 4 | Сопственост на родителите на партнерот/сопругот | Лична | Полоша |
| 13 | Куќа | Стан | 2 | / | 3 | 1 | 4 | 2 | 4 | 3 | Стекната во брак | Кирија | Полоша |
| 14 | Куќа | Стан | 1 | / | 3 | 2 | 3 | 2 | 4 | 5 | Стекната во брак | Сопственост на нејзините родители | Полоша |
| 15 | Куќа | Стан | 2 | / | 4 | 2 | 3 | 2 | 3 | 4 | Стекната во брак | Кирија | Полоша |
| 16 | Куќа | Куќа | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 5 | 5 | Сопственост на родителите на партнерот/сопругот | Сопственост на нејзините родители | Полоша |
| 17 | Куќа | Куќа | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 6 | 4 | Лична сопственост на поранешниот партнер/сопруг | Сопственост на нејзините родители | Нема |

**Табела 23:**

**Потребите на децата пред и по разводот/разделбата**

| Жена (1) | Видови трошоци (2) | Прво дете (3) | | Второ дете (4) | | Трето дете (5) | | Четврто дете (6) | | Петто дете (7) | | Вкупно (8) | | Дали биле задоволени потребите (9) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред | По | Пред | По | Пред | По | Пред | По | Пред | По | Пред | По | Пред | По |
| 1 | Едукација | 0 | 0 | | | | | | | | | 4.500 | 4.500 | Да | Да |
| | Рекреација | 1.500 | 1.500 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 1.000 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 2.000 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| 2 | Едукација | 1.000 | 2.000 | 0 | 0 | | | | | | | 6.500 | 8.000 | Не | Не |
| | Рекреација | 500 | 1.000 | 0 | 1.000 | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 500 | 500 | 500 | | | | | | | | | | |
| | Останати | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 1.000 | | | | | | | | | | |
| 3 | Едукација | 4.000 | 1.000 | 3.000 | 1.000 | 0 | 0 | | | | | 19.500 | 13.000 | Да | Не |
| | Рекреација | 2.000 | 1.000 | 1.000 | 1.000 | 1.000 | 1.000 | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 1.000 | 500 | 500 | 500 | 1.000 | 1.000 | | | | | | | | |
| | Останати | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 2.000 | | | | | | | | |
| 4 | Едукација | 1.500 | 0 | 1.000 | 500 | 500 | 500 | | | | | 7.400 | 3.600 | Да | Не |
| | Рекреација | 1.000 | 500 | 500 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 200 | 200 | 200 | 200 | 200 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Останати | 1.000 | 500 | 500 | 500 | 500 | 500 | | | | | | | | |
| 5 | Едукација | 1.000 | 0 | 1.000 | 1.000 | 0 | 0 | | | | | 16.000 | 3.000 | Да | Не |
| | Рекреација | 2.000 | 500 | 1.000 | 0 | 500 | 0 | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 200 | 500 | 100 | 500 | 200 | | | | | | | | |
| | Останати | 3.000 | 500 | 3.000 | 500 | 3.000 | 0 | | | | | | | | |
| 6 | Едукација | 500 | 1.000 | | | | | | | | | 2.000 | 3.500 | Не | Не |
| | Рекреација | 0 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 500 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 1.000 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| 7 | Едукација | 1.000 | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | 500 | 1.000 | 500 | 0 | 0 | 18500 | 10.600 | Не | Да |
| | Рекреација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000 | 0 | 2.000 | 0 | 2.000 | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 0 | 500 | 0 | 500 | 200 | 500 | 200 | 500 | 200 | | | | |
| | Останати | 2.500 | 0 | 2.500 | 0 | 2.500 | 1.000 | 2.500 | 1.000 | 2.000 | 1.000 | | | | |
| 8 | Едукација | 0 | 2.500 | | | | | | | | | 4.000 | 5.500 | Да | Не |
| | Рекреација | 0 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 1.000 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 3.000 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Едукација | 0 | 2.000 | | | | | | | | | 5.000 | 7.000 | Не | Да |
| | Рекреација | 0 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 2.000 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 3.000 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| 10 | Едукација | 0 | 0 | | | | | | | | | 7.000 | 4.000 | Да | Да |
| | Рекреација | 0 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Здравствена заштита | 1.000 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 6.000 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| 11 | Едукација | 0 | 2.000 | | | | | | | | | 0 | 17.000 | / | Не |
| | Рекреација | 0 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 0 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 0 | 12.000 | | | | | | | | | | | | |
| 12 | Едукација | 1.000 | 1.500 | 500 | 1.000 | 500 | 1.000 | | | | | 5.000 | 13.000 | Не | Да |
| | Рекреација | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 500 | 500 | 500 | 500 | 500 | | | | | | | | |
| | Останати | 500 | 2.000 | 500 | 2.000 | 500 | 1.000 | | | | | | | | |
| 13 | Едукација | 3.000 | 0 | 4.000 | 2.000 | | | | | | | 18.000 | 8.000 | Да | Не |
| | Рекреација | 2.000 | 0 | 2.000 | 2.000 | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 0 | 500 | 1.000 | | | | | | | | | | |
| | Останати | 3.000 | 0 | 3.000 | 3.000 | | | | | | | | | | |
| 14 | Едукација | 0 | 0 | 1.000 | 2.000 | | | | | | | 3.500 | 5.500 | Да | Не |
| | Рекреација | 0 | 0 | 1.000 | 1.000 | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 0 | 0 | 500 | 500 | | | | | | | | | | |
| | Останати | 0 | 0 | 1.000 | 2.000 | | | | | | | | | | |
| 15 | Едукација | 0 | 1.000 | | | | | | | | | 3.000 | 5.000 | Да | Не |
| | Рекреација | 500 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 500 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 2.000 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Едукација | 0 | 0 | | | | | | | | | 7.500 | 4.000 | Да | Не |
| | Рекреација | 0 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 1.500 | 1.000 | | | | | | | | | | | | |
| | Останати | 6.000 | 2.000 | | | | | | | | | | | | |
| 17 | Едукација | 2.000 | 2000 | 1.000 | 2000 | 1.000 | 2.000 | | | | | 7.000 | 18.000 | Да | Не |
| | Рекреација | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | | | | | | | | |
| | Здравствена заштита | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | 0 | 1.000 | | | | | | | | |
| | Останати | 1.000 | 2.000 | 1.000 | 2.000 | 1.000 | 2.000 | | | | | | | | |

# V. ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ПРИХОД И РЕДОВНИТЕ МЕСЕЧНИ ТРОШОЦИ НА СЕМЕЈСТВАТА/ДОМАЌИНСТВАТА НА ЖЕНИТЕ ШТОПРЕТРЕПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И НИВНИТЕ ДЕЦА

Десет од жените и членовите на домаќинството во кое живеат по разделбата/разводот немаат доволно приходи, вклучувајќи ја и социјалната помош за да ги покријат вкупните месечни трошоци (табела 24).

Имено, вкупните трошоци на овие жени ги надминуваат просечните месечни приходи, вклучувајќи ја и социјалната помош (колона 8 од табела 24 обоено со црвено). Таа разлика се движи од 3.750 МКД до 19.250 МКД (колона 9 во заграда се одбележани средствата кои им се потребни на жените за да можат да ги покријат месечните трошоци од колона 7). Или, во шест од случаите трошоците екстремно ги надминуваат просечните примања на домаќинствата.

Инаку, ако зборуваме за висината на одделните трошоци што ги сочинуваат редовните месечни трошоци, највисоки се оние што се однесуваат на храна и трошоците за отплата на кредит или за кирија. Режиските и останатите трошоци претставуваат помал дел од редовните месечни трошоци. Девет од вкупно 17 жени и домаќинствата во кои живеат имаат трошоци за плаќање на кирија или отплата на кредит. Според можностите, месечните трошоци за храна најчесто зависат од останатите трошоци што мора да се платат, па така овие трошоци се движат од 4.000 МКД па до 15.000МКД, но сепак најчесто изнесуваат од 7.000 до 10.000 МКД.

Кај шест од вкупно 10 жени издршката која е одредена од судот воопшто не се плаќа. Доколку се плаќа ќе помогне во живеењето на овие домаќинства. Кај четири од жените, пак, се плаќа со задоцнување, од кои во еден случај и со помал од одредениот износ. За овие жени секако е добро издршката да се плаќа навреме и во точно определениот износ утврден од судот.

**Табела 24: Месечни трошоци, просечни месечни примања и редовност на плаќање на издршката**

| Жена (1) | Бр. на члено ви (2) | Трошоци за храна (3) | Трошоци за кредит/ кирија (4) | Режиски трошоци (5) | Останати трошоци (6) | Вкупно (7) | Вкупни месечни приходи, вклучувајќи социјална помош на жените (8) | Просечни месечни приходи, вклучувајќи социјална помош врз основа на категоријата (9) | Редовност во плаќање на издршката (10) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 7.000 | / | 5.000 | 3.000 | 15.000 | 7.501–15.000 | 11.250 (3.750) | Не плаќа воопшто |
| 2 | 3 | 7.000 | 9.000 | 4.000 | 2.000 | 22.000 | 7.501–15.000 | 11.250 (10.750) | Со задоцнување, но во точно определениот износ |
| 3 | 7 | 10.000 | / | 6.000 | 4.000 | 20.000 | 30.001–45.000 | 37.500 | Не плаќа воопшто |
| 4 | 5 | 6.000 | / | 3.000 | 1.000 | 10.000 | 7.501–15.000 | 11.250 | Плаќа во точно определениот износ |
| 5 | 8 | 8.000 | / | 5.000 | / | 13.000 | 15.001–30.000 | 22.500 | Не плаќа воопшто |
| 6 | 2 | 6.000 | / | 4.000 | 1.000 | 11.000 | 3.001–7.500 | 5.000 (–6.000) | Не плаќа воопшто |
| 7 | 4 | 4.000 | 9.000 | 5.000 | 2.000 | 20.000 | 7.501–15.000 | 11.250 (–8.750) | Не плаќа воопшто |
| 8 | 4 | 8.000 | 2.000 | 5.000 | 0 | 15.000 | 7.501–15.000 | 11.250 (–3.750) | Не плаќа воопшто |
| 9 | 2 | 8.000 | 6.500 | 5.000 | 2.000 | 21.500 | 15.001–30.000 | 22.500 | Со задоцнување, но во точно определениот износ |
| 10 | 2 | 7.000 | 6.000 | 3.000 | 3.000 | 19.000 | 15.001–30.000 | 22.500 | Плаќа во точно определениот износ |
| 11 | 3 | 9.000 | 12.000 | 6.500 | 3.000 | 30.500 | 7.501–15.000 | 11.250 (19.250) | Не плаќа воопшто |
| 12 | 4 | 10.000 | 9.000 | 4.000 | 1.000 | 24.000 | 15.001–30.000 | 22.500 (1.500) | Со задоцнување, но во помал износ од определениот |
| 13 | 3 | 9.000 | 9.000 | 4.000 | 2.000 | 24.000 | 3.001–7.500 | 5 .000 (–19.000) | Не плаќа воопшто |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | 5 | 9.000 | / | 5.000 | 3.000 | 17.000 | 15.001–30.000 | 22.500 | Со задоцнување, но во точно определениот износ |
| 15 | 4 | 8.000 | 10.000 | 4.000 | 2.000 | 24.000 | 7.501–15.000 | 11 .250 (12.750) | Со задоцнување, но во точно определениот износ |
| 16 | 5 | 10.000 | / | 7.000 | 3.000 | 20.000 | 30.001–45.000 | 37.500 | / |
| 17 | 5 | 15.000 | / | 8.000 | 5.000 | 28.000 | 15.001–30.000 | 22.500 (5.500) | Со задоцнување, но во помал износ од определениот |

* Црвеното поле значи дека просечниот приход на семејството/домаќинство е под месечните трошоци, а зеленото над нив.

Практично, две третини од жените не можат да ги покријат месечните трошоци и при тоа социјалната помош што ја примаат не им помага во тоа. На повеќе од една третина од жените им требаат значително дополнителни средства во износ од 6.000 МКД (100 евра) до 19.250 МКД (310 евра) за да можат да ги покријат месечните трошоци. Редовноста и целосното плаќање на утврдениот износ на издршката е од суштинско значење за нормално живеење и опстојување на жените што претрпеле семејно насилство и нивните деца, а особено тоа е случај со шест жени што воопшто не ја примаат издршката, а чии месечни трошоци се повисоки од просечниот месечен приход, вклучувајќи ја и социјалната помош.

Со други зборови, во моментот сите животни трошоци на жените и нивните деца паѓаат на товар само на едниот родител. Родителот што е задолжен со плаќање на издршката со тоа што или не ја плаќа или ја плаќа со задоцнување и во помал износ не придонесува кон задоволување на потребите на децата на начин на кој е одредено од страна на судот. Овој податок и податокот дека има можности за одредување на повисок износ на издршка од страна судот ни дава за право да предложиме сериозно разгледување на овие две прашања и изнаоѓање на соодветни решенија од страна и на државата и на одговорните.

ECE